Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 11.05.2023

На 10.05.2024 во 21.40 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода И.А.(45) и М.К.(37), двајцата од Скопје, поради тоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (11.05.2024) во 01.25 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Т.(22) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.05.2024 во 02.30 часот, на паркинг на булеварот „Железничка" во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид од слобода ги лишија М.К.(33) и Н.С.(38), двајцата од Охрид. При преглед извршен во патнички автомобил „сузуки" со охридски регистарски ознаки, во кој се наоѓале, М.К. е затекнат при користење бела прашкаста материја, а по дополнително преземените мерки, кај Н.С. пронајдени и одземени се бела прашкаста материја и марихуана. По целосно документирање на настанот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.05.2024 во 20.30 часот на Граничниот премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода П.О.(38) од Косово, затоа што при извршена контрола констатирано било дека на увид дал туѓа лична карта, сопственост на неговиот брат О.Л.(26). Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал и миграции-Скопје за понатамошна постапка.

На 10.05.2024 во 18.00 часот било пријавено дека на ул.„Марко Несторoски" во Охрид Д.Г.(21) од Охрид управувајќи моторцикл „пијаџо" со охридски регистарски ознаки, паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Општата болница Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 10.05.2024 во 15.15 часот во Полициската станица Аеродром Р.А.(81) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" во Скопје, бил каснат од куче скитник, по што паднал и се здобил со повреди.

На 10.05.2024 во 20.00 часот во Полициската станица Гази Баба А.Г.(30) од Скопје пријавила дека на ул.„Анри Барбис" во Скопје, била касната од куче.

На 10.05.2024 во 18.00 часот во Полициското одделение Сарај Е.Р.(23) од с.Чајлане,скопско пријавил дека во селото неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 10.05.2024 во 19.30 часот во Куманово полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје од СВР Куманово, ги лишиле од слобода Ф.Т. (29) и М.С.(18) од Куманово, затоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. Подоцна, при претрес во домот на Ф.Т., извршен со судска наредба, бил пронајден кокаин и семки од канабис. Ф.Т. и М.С. биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следуваат соодветни пријави.

На 10.05.2024 во 11.15 часот во СВР Велес Р.Б., вработен во АД ,,Градско" од Градско, пријавил дека во нива во атар на село Виничани, општина Градско, била пронајдена граната. Известена била Дирекцијата за спасување и заштита и од страна на пиротехничар од Дирекцијата гранатата била безбедно подигната.

На 10.05.2024 во 15.10 часот во Полициско одделение Теарце бил пријавен пожар во куќа сопственост на Х.У. (80) од тетовско Теарце, при што сопственикот се здобил со изгореници и бил пренесен во Клиничка болница Тетово за укажување на лекарска помош. Екипа од Територијалната противпожарна единица Тетово го изгаснала пожарот. Увид на лице место извршила екипа од СВР Тетово.

Денеска (11.05.2024) во 02.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Скопје, на подрачјето на Центар М.Ј.(56) физички го нападнал Т.Џ.(18), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.05.2024 во 23.30 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар го привеле А.Ќ.(32) од Скопје поради тоа што, откако претходно лажно пријавил настан, агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.05.2024 во 15.30 часот од полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Центар и Бит Пазар во Стара чаршија била пронајдена А.П.О.(73) од Р.Турција, која на 09.05.2024 беше пријавена дека се оддалечила од хотел во Скопје, каде престојувала.

На 10.05.2024 во 09.55 часот во СВР Скопје М.С.(46) од Скопје пријавил дека на подрачјето на општина Аеродром, по претходна расправија околу нерасчистени имотно-правни односи, тој заедно со неговата сопруга М.С.(45) биле физички нападнати од Р.М. (51) и неговата сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.05.2024 во 15.00 часот во СВР Скопје Т.Н.(24) од Крива Паланка пријавила дека околу 12.30 часот на подрачјето на Гази Баба била физички нападната од О.С.(67), кај која престојувала во нејзиниот дом под кирија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.05.2024 во 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходно меѓусебно нетрпение и нарушени семејни односи, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ј.П.(36) и Б.П.(26) двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.05.2024 во 17.30 часот во СВР Скопје 19-годишна жена пријавила дека на 09.05.2024 околу 23.00 часот во домот на подрачјето на Чаир била физички нападната од нејзиниот вонбрачен партнер А.С.(21), кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (11.05.2024) во 02.10 часот во Полициската станица Центар Д.И. пријавил на ул.„50-та Дивизија" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 10.05.2024 во 23.18 часот во СВР Скопје В.Л. од Скопје пријавил дека околу 21.30 часот на Кеј „Димитар Влахов", во близина на објектот на МАНУ во Скопје едно лице влегло во неговото патничко возило и со закана со оружје му побарало пари. Потоа двајцата со возилото од лицето се упатиле кон банкомат, каде лицето со платежните картички од пријавителот се обидело да извади пари, но не успеало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.05.2024 во 12.30 часот во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го приведоа П.Ј.(43) од Кичево, кој бил баран со потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна од 15 месеци за сторени повеќе кривични дела „кражба" и „тешка кражба". П.Ј. е предаден за издржување на затворската казна во Казнено поправната установа „Затвор Идризово".

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет